**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,58 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да почнеме со седницата.

Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по 47-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Панче Дамески, Благородна Дулиќ, Фијат Цаноски Арбен Џафери, Мендух Тачи Даут Реџепи, Лилјана Поповска, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Елмазе Селмани, Тито Петковски, Владо Бучковски, Радмила Шеќеринска, Оливер Спасовски, Славица Грковска, Илинка Митрева, Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни 78 пратеници, пријавени 18.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(По утврдувањето на бројот од страна на службите).

**Продолжуваме по точката 2. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за меѓудржавни посвојувања, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, за меѓудржавни посвојувања.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници, затоа што ќе поминеме на гласање.

(Во салата влегуваат уште пратеници)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 45, воздржани нема, против 8.

Молам, службите да достават нов извештај за бројот на присутни пратеници во салата, за да биде гласањето валидно, ако може да биде валидно.

Во салата се присутни 61 пратеник.

(Реакции).

Дали има оспорување околу кворумот, за да ги повикам службите уште еднаш да потврдат? (Нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 44, воздржано 2, против 8.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 46, воздржано 2, против 5.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за меѓудржавни посвојувања.

**Минуваме на точката 3. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Марјан Додовски, повелете.

Прво, заменик на министерот за економија, се извинувам.

(Пратеникот Марјан Додовски бара збор процедурално).

Процедурално, повелете господине Додовски.

**Марјан Додовски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

За денешниов ден како претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во писмена форма и вас ве известив дека ќе имаме две седници и во насока на подготовки на следната седница во понеделник, денес, од 10,00 до 12,00 часот одржавме една седница на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во насока на целосно подготвување на таа седница на Собранието на Република Македонија, каде што во најголем дел се закони поврзани со областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, нашата Комисија е матична, јас барам еден час пауза за да може Комисијата да продолжи со работа, бидејќи тука се и претставниците на Владата и колегите пратеници, значи членови на Комисијата со кои заедно тоа го договоривме, за да може Комисијата во овој час да ги разгледа предложените закони и да се запази оној рок согласно законот за поднесување на амандмани.

Значи, барам еден час пауза претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли можност побрзо од еден час да биде?

**Марјан Додовски:** Ние ќе се потрудиме побрзо да завршиме.

**Љубиша Георгиевски:** Не знам дали би имале кворум.

Добро, ајде 45 минути да биде паузата заради седницата на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(Пауза од 12,08 часот)

**Љубиша Георгиевски**:

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,59 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, наскоро продолжуваме со седницава.

Продолжуваме со седницава.

Збор има господинот заменик министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, што е на дневен ред на оваа седница на Собранието на Република Македонија е изготвен согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и се однесува на Поглавјето 28 Потрошувачи и здравствена заштита. Во законот, ќе ги спомнам само неколкуте новини што се предлагаат денеска:

Тоа е, дефинирање на потрошувачот, се брише “правното лице”. Значи, останува само физичко лице.

Понатаму, се задолжува трговецот, најдоцна во рок од осум дена да му ја даде на потрошувачот ветената награда до колку се организираат награди.

Понатаму, дефинирање на распродажбата на производите, до сега беше 1/5 од вкупната сума на производите што се распродаваат, тоа одеше сукцесивно, а сега се дозволува 80% од робата да се распродава.

Можноста, со фискална сметка да се издаде и фактура, значи сметкопотврда да се издаде до колку трговецот е регистриран како паушалист, тоа е во членот 4.

Имаме обезбедување на резервни делови, две години од денот на истекот на гаранцијата на производот, значи после две години од гаранцијата се обезбедуваат, должен е производителот односно трговецот да обезбеди резервни делови.

Податоци што мора да ги содржи декларацијата, тоа се фирма, седиште, марка на производителот или трговецот. Тоа е определено во членот 6.

Новина е тоа што, доставувањето на производите заради поправка се допрецизира. До сега беше 5 кгр., сега одиме на 10 кгр. или по габарит 1м3. Значи, се покачува цензусот за оваа работа на 10 кгр. или поточно се прецизира во кои случаеви има можност за рекламација.

Рокот за поправка на рекламацијата од 20 дена се покачува на 30 дена.

Во членот 11 или во основниот Закон на членот 107 се врши допрецизирање на рекламацијата на производите, во рокот што е предвиден во Законот.

Допрецизирање на надоместоците на услугите. Дадени се прецизни рокови за забелешки.

Исто така, во член 13 и член 14 се разработува работата на Советот за заштита на потрошувачите и се обезбедува поддршка од Буџетот на Република Македонија.

На крајот, во членовите од 21 до 27 се усогласуваме со Законот за прекршоци. Ценам дека со овие измени ќе се подобри и повеќе ќе се заштитат потрошувачите на производи.

Во таа насока предлагам овој предлог да го прифатите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски**: Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите.

Молам службите да достават точен број на пратеници, затоа што треба да одиме на гласање.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Ги молам пратениците да влезат во салата затоа што ќе гласаме.

Ве молам службите, да кажете дали имаме кворум?

(Службите утврдуваат дали има кворум).

Ве повикувам да гласаме.

Од присуни 61 пратеник гласале 56 пратеници. За гласале 55 пратеници, воздржани нема, против гласал еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 49, воздржани нема, против 4 пратеници.

Констатирам дека е усвоен прдлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 за додавање нов став 5 по ставот 4, член 10 за менување на членот 15, член 21 за менување на став 1 и за менување на член 28, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 58 пратеници, воздржано еден, против два.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и ивештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално, повелете господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседатеоле,

согласно Агендата што ни ја имате доставено во 14,00 часот Комисијата за финансирање и буџет го гледа токму овој закон. Тоа е матична комисија за овој закон.

Токму поради тоа, во име на пратеничката група би замолил да продолжиме после завршувањето на комисијата за да имаме од матичната комисија информација што се случува. Мисла дека тоа беше и замолницата вчера од господинот Поповски, така што, би ве замолил да продолжиме по 15 часот, да не барам пауза.

**Љубиша Георгиевски**: Не, немаме причини да се ослложи тоа, јас го барав господинот Поповски да му објаснам, нема да се одржи од веќе познатите причуини. Нема да се одржи седница на Комисијата за финансирање и буџет.

**Јани Макрадули:** Како знаете дека нема да се одржи?

**Љубиша Георгиевски**: Ќе ви објаснам.

**Јани Макрадули:** Добро, во име на пратеничката група ќе побарам еден час пауза за дополнителни консултации, бидејќи нашите се подготвуваат за Комисијата и да настапат таму, нашите членови.

**Љубиша Георгиевски**: Јас мислам дека за 15 минути ќе можеме да се договориме.

**Јани Макрадули:** Мислам дека претседателе правите преседан.

Согласно Делиовникот имам право како координатор на пратеничка група.

**Љубиша Георгиевски**: Знам, знам, но нека се договориме за консултација 15 минути. Ако не се договориме, еве во рамките на тој час...

**Јани Макрадули:** Ама...

**Љубиша Георгиевски**: Добро, ако инсистирате, во ред е, може. Ако инсистирате со паузи да го тераме Сораниево, ќе го тераме со паузи.

**Јани Макрадули:** Ама не е со паузи. Во 14 часот, претседателе, закажана е Комисијата...

**Љубиша Георгиевски**: Еден час пауза.

**Јани Макрадули:** Нашите членови се подготвуваат за седница на Комисијата.

**Љубиша Георгиевски**: Еден час пауза.

(Пратениците заминаа на пауза во 13,16 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот).

**Бесим Догани: Продолжуваме со 4-та точка на дневниот ред-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на зкаонот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворм претрес по Предлогот за доенсување на законот.

Молам, кој бара збор?

За процедурално се јави господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас побарав процедурално во името на ДУИ и ПДП, заради тоа што претседателите на комисиите, или на двете комисии за финансии и Комисијата за здравство, денеска ги свикаа седниците во согласнсот со Уставот и Деловникот на Собранието и за жал, мнозинството, но и македонската опозиција продолжува со тоа што порано го правеше, да не биде присутна на седниците на овие две комисии, или пак и на третата Комисијата, на чие чело е пратеничката на ДУИ.

Ова го велиме од повеќе причини, затоа што мислам дека пратениците, пред се од мнозинството, но и од опозицијата треба да имаат политички сенс за временскиот период во кој што се наоѓа нашата земја. Сите пораки кои доаѓаат од надвор, сугестиите се дека политичкиот дијалог треба да се развива во Собранието, а напушатјки ги седниците од комисиите се вели дека немаме политички дијалог. За жал,нашата констатација е дека повтроно партиските интереси се над оние, тоа што е Устав, Деловник на Собранието, а што е државен интерес, за кои некои пратеници пред неколку дена солзеа крокодилски солзи кога станува збор за државен интерес и се во состојба да стават се над сите партиски интереси, а тоа се докажува дека не е токму така.

Истовремено, треба раководството на Собранието да го земе како наша забелешка, затоа што седниците на комисиите кои се раководат од пратеници на ДУИ не се пренесуваат на собранискиот канал, што не е случајно. Јас имав прилика неколку пати сите останати седници не само што се пренесуваат на собранискиот телевизиски канал, туку и неколку пати, но со нашите комисии се случува нешто друго. Треба да се земе предвид и претседателот на Собранието и останатите да го имаат предвид ова, истовремено мнозинството, или пратеничката Дулиќ не е тука, која што бара од нас како опозиција, ние да го создаваме кворумот. Мислам дека пратениците од позицијата треба да бидат тука. Оваа седница не ја започнавме од 11,00 часот, за жал. Затоа и денешната седница почна со 15 минути задоцнување, а Владата вели дека работиме 15 часа дневно. Ова што го

гледаме во Собранието го покажува спротивното. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** За процедурално се јави господинот Кире Гештаковски, повелете вашите три минути.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Сакам да кажам бидејки јас бев еден од најголемите поборници кој бараше по секоја цена да се состане Комисијата за здравство од повеќе причини, а најголемата беше, бидејки навистина овој закон се носи за прв пат во Собранието на Република Македонија не е некое дополнување на законот или измени на законот, дека засегнати се 2 милијона граѓани на Република Македонија, а од тој факт, поголем државен и национален интерес, јас мислам дека не постои. Се случи тоа што се случи. Претседателот на Комисијата за здравство постапуваше онака како што постапуваа и во претходниот состав и сега. Мислев дека сега има една крупна разлика пред 3-4 години. Дефинитивно премиерот, односно господинот Никола Груевски излезе пред македонската јавност и рече дека дијалогот со опозицијата, конкретно со ДУИ е завршен. Дека се договориле за неколку точки, од кои оваа точка несомнено ја призна дека се договориле за употреба на албанскиот јазик во Собранието.

Јас го замолив претседателот, бидјеки имаа цврст договор од кој не бегаат ни премиерот ни господинот Али Ахмети, дека не се важни дали ќе поминат еден месец или два, додека тоа се воспостави овде во Собранието, важно дека е постигнат договорот, бидејки интерес на сите граѓани на Република Македонија беше денеска да заседава таа Комисија, конструктивно да даде придонес за подобрување на текстот на законот за заштита на правата на пациентите, да ја води денеска седницата на македонски јазик, само колку да се остварат тие цели. Бидејки јас никогаш не го потценувам барањето на албанските партии, сакам да се реши тој проблем. Но сега имаме од двете страни и од премиерот, и од господинот Али Ахмети, децидно ни се кажува дека ова прашање е апсолвирано и решено. Само треба да се направи тоа во рок од месец дена за измена на Деловникот. Јас мислам дека нема причина кога тоа е веќе договорено и понатаму да продолжиме со вакви бледи неодржување на седници, неефиксани, а тоа е на штета на сите граѓани на Република Македонија Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Гештаковски.

Три минути процедурално за господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

Јас лично мислам и ги слушав процедуралните забелешки на ДУИ и би сакал да аргументирам еден факт преку јавноста што не следи затоа што, ДУИ го немаат решено овој проблем и можеме да кажеме дека ДУИ иако 4 години од 2002 до 2006 година, не само што говореле македонски, туку и пееле македонски. Јас исто така сакам да ја информирам целата јавност дека ДПА успеа да постигне консензус во новиот дел на Собранието да се претседава на комисиите и седниците наработнит етела на Собранието на албански јазик. Но ДУИ, до колку имала трпение 4 години, треба да има трпение уште малку затоа што ова треба да се направи и ќе се направи ако даде господ и брзо ќе се претседава на комисиите на албански јазик. Меѓутоа, опструкцијата која што денес се прави од нивна страна кон Паралментот со овие аргументи, кои аргументи се такви, кои можеле да ги реша т и порано, додека тие биле на власт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Мислам дека би било фер господинот Џевад Адеми да биде поселден во овој круг на процедурални забелешки, бидејки се дадоа доста објаснувања.

Господине Џевад Адеми, повелете.

**Џевад Адеми:** И покрја почита и разбирањето на опозицијата на господинот Матоши, кој плаче и кој пее, како пратеник на Комисијата за финансии и буџет, јас сум обврзан овде јавно да кажам дека освен мојата ориентација да ги бранам интересите на гласачкото тело, имам обврска и да ја почитувам и да го бранам Устав о ти Деловникто на Парламентот. Членот 3, алинеја 2 на официјалниот Деловник на Парламентот на Македонија и амандманот 5 од Уставот на Република Македонија на јасен начин мене ми го гарантираат правото на комуникација и раководењето на работните тела на албански јазик, затоа што така вели Уставот и Деловникот. Која практика е водена

пред 3-4 години и која практика се води денес. Од парламентарното мнозинство,не е прашање што ме интересира мене, јас сакам да манифестирам добра волја и се обраќам на овој Парламент, точка која што не успеа да се третира на денешната седница на Комисијата за финансии и буџет, точката за измената на Законот за субервизија на осигурување, апелирам оваа точка да не се разгледува денеска. Како претседател на Комисијата манифестирам добра волја да ја свикам десеттата седница утре, со надеж дека пратениците Македонци ќе реглектираат во однос што е интерес на државата, она што е функционален и ефикасен дијалог туак во Парламентот. Цело време се говори дека ние треба да продолжиме со дијалогот, дијалогот е во Собранието и ние свикуваме седници на комисиите кои што поради немање кворум од фактот што Македонските пратеници ја напуштаат работата. Јас како претседател на Комисијата коај ја раководам и ќе ја раководам седницата на албански јазик. За лични инаети и грижата за партискtие авторитети се крши Уставот, не се почитува Деловникот и се крши авторитетот на државата во овој значителен момент во однос на нашата перспектива кон Европската унија и имплементирањето на стандардите на Европската униај во нашата држава.

Затоа барам точката 4 од дневниот ред да не се дебатира и јас како претседател на Комисијата уште еднаш ќе ја свикам седницата на Комисијата за финансирање и буџет и утре пратениците кои што толку инсистираат на одржувањето на оваа седница на Комисијата имаат можност да ги кажат своите забелешки и евентуалните измени во однос на овој закон. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Матоши процедурално.

Само да не биде реплика, ве молам, повелете.

**Ружди Матоши:** Јас мислам дека прашањето на употребата на албанскиот јазик, значи ДУИ на многу транспарентен начин ова го има третирано пред јавноста и ние имаме договор во новиот Деловник на Собранието, албанскиот јазик го добие уставниот третман. Јас се согласив со првиот дел од говорот на господинот Џевад, затоа што тој во текот на 2002-2006 година до колку живееше на Месечината, на Марс или не некоја друга планета. Но тој живееше тука и неговата партија во целост беше тука во власт и не го реши овој проблем. Затоа, јас сега би го замолил повторно да не прават опструкции, да бидат коснтруктивни од причина што конструктивноста, транспарентноста се клуч на демократијата и ние треба да бидеме тука демократи.

**Бесим Догани:** Господине Џевад Адеми, пвоелте.

**Џевад Адеми:** Јас имав еден конкретен предлог. Навистина жалам што господинот Матоши, неговите две јавувања ги има во функција на спротивставување на раководителит ена седниците на комиситие на албански јазик. Тоа е за жалење.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Јас пред да ви дадам и вам процедурално да не заборав, да направам едно сумирање од ова што го бараа пратениците до сега.

Како прво, ако е за водење на албански јазик, можеби мене ми е најтешко, бидејки водам пленарна седница, а ова е еден проблем кој не е решен од поодамна и јас сум на мислење дека треба да се реши.

Што се донесува до собранискиот канал, барањето на господинот Рафис Алити, бидјеки јас сум претседател на собранискиот канал, јас ќе побарам лично да видам што е работата, дали има такво нешто како што тврдите вие. Ако е така, тогаш ќе се преземат мерки да се поправи ситуацијата и евентуално да се бара одговорност од луѓето кои евентуално, намерно го нарпавиле тоа.

Што се однесува до барањето на господинот Џевад Адеми да не се разгледува оваа точка на оваа седница, јас како претседавач не го прифаќам, бидејки вие како претседавач на Комисијата за финансирање и буџет, имавте доволно време да ја одржите седницата. Поради веќе познатите причини не се случи тоа, така да мислам дека пратениците ќе имаат време на пленарна седница да го кажат своето мислење, што се однесува до овој закон. Ви благодарам.

Продолжуваме со процедуралната забелешка на господинот јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, јас би сакал само да апелирам кога пратеничките групи од ДУИ и од ДПА ќе ја убедуваат јавноста којкаков договор имал со ВМРО-ДПМНЕ, да не ја вовлекуваат пратеничката група и партијата СДСМ во сето ова. И господинот Матоши сега кажа дека има договор за употреба на

јазикот. Нема никаов договор со нас и ве молам, да не ја користите и употребувате партијата тука за ваша меѓусебна пресметка. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Јас би ги замолил пратениците од ДПА и ДУИ да направат телевизиска дебата и да се договороат за овие работи.

Има збор заменик министерот за финансии за образложување на законот, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Основна законска рамка која ги уредува односите на осигурување во Република Македонија претставува Законот за супервизија на осигурувањето усвоен во април 2002 година.

Со неговото донесување во домашната законска регулатива се имплементирани принципите и стандардите за супервизија на осигурување, усвоени од меѓуанродната социјција на осигурителни супервизори.

Истовремено, во Законот се вградија и Европските директиви за осигурување, кои се однесуваат на правото на основање и слободата за давање на услуги.

Главната причина за изменување и дополнување на Законот за супервизија, односно на осигурување, лежат вопотребата за понатамошно усогласување на законската регулатива од обласа на осигурувањето со директивите на Европската унија и принципите и стандардите на меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори, согласно препораките содржани во европскотопартнерство во делот на економските критериуми и Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2006 година во делот на финансиските услуги.

Со Предлог законот се зголемува м инималниот износ на гарантен фонд на друштвата за осигурување во согласност со директивите на Европската унија и истиот во зависност од класите на осигурување за кои што е добиена дозвола од надлежниот супервизорски орган, не може да биде понизок од 2 милијони евра за вршење на работи на неживотно осигурување, односно 3 милијони евра, до колку друштвото има намера да врши работи на неживотно осигурување и тоа во класите на осигурување од одговорност и кредити или гаранции и 3 милијони евра за работи на осигурување на живот.

Но она што претставува најзначајна новина во Предлог законот е воспоставување на самостоен и независен супервизорски орган во обласа на осигурувањето, а тоа е Агенцијата за супервизија на осигурување.

Не би должел повеќе. На крајот со овој закон се врши усогласување со овие измени и дополнувања се врши усогласување со Законот за прекршоци. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Дали некој друг бара збор по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Земав збор за да му дадам до знаење на координаторот на СДСМ, на господинот јани Макрадули дека ние како парламентарна група не побаравме договорите кои што се постигнати, затоа што иамше многу договори пред да се почне со работата на работните тела, ние бараме да се почитува Уставот и Деловникот кој што е актуелен во Собранието. Со овој Устав и со овој Деловник, таа можност, пратениците кои што го говорат јазикот на населението кое што е анд 20% го имаат тоа право. Така што, на господинот Матоши ќе му кажам дека ние кога почнавме да работиме по тие стандарди не најдовме вработени тука кој што беа способни да вршат превод и тоа беше пречката зошто претседателит ена нашите комисии кои што ги претседаваше ДУИ во текот на 4-те години ги претседаваше на македонски јазик. Што значи, ние не се повлековме од тоа наше уставно право, или од тоа што го овозможува Деловникот на Собранието, додека вие господине Матоши мислите дека правите нешто ново. Напротив, со вашиот пристап само вршите санкции кон актуелниот Деловник. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Три минути реплика за господинот Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

Јас ќе реплицирам на господин Макрадули, бидејќи тој и неговата партија секогаш создаваат хаос во Македонија и токму сега се обидуваат, заедно со ДУИ, да создадат хаос и малите работи да ги драматизираат.

Ова што рече Рафис дека не сме имале преведувачи, навистина е срамно да се каже.

Дефинитивно е срамно да се каже дека ние не сме имале превдувачи и дека сме се откажале од употребата на албанскиот јазик затоа што сме го употребувале во комисиите. Навистина се смеам и срамно е ова што го вели. Дефинитивно се чудам како може да даде еден ваков аргумент пред граѓаните на Македонија, пред се пред Албанците.

Јас ви велам дека ние сме се договориле дека според новиот Деловник ние ќе зборуваме на албански јазик, значи ќе имаме употреба на албанскиот јазик во Парламентот на задоволителни нивоа како што дозволува Уставот и вие треба да се усогласите со овој резултат, вие треба да ги раководите оние седници на комисиите онолку колку што се одвива работата на македонски јазик како што ги раководевте 4 години претходно. Тоа е се господине, ништо повеќе.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Процедурално Јани Макрадули, а потоа контрареплика за господинот Рафис Алити. Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, мојата процедурална забелешка е до вас, бидејќи со самото тоа што господинот Матоши тргна во експликација дека ова е реплика на Макрадули, а јас воопшто не зборував по оваа точка, вие требаше да го прекинете.

(Реакција од пратеникот Ружди Матоши).

Значи јас по оваа точка не зборував.

(Реакција од пратеникот Матоши).

Мислам дека треба да обезбедите да се слушнеме.

**Бесим Догани:** Повелете.

**Јани Макрадули:** Значи мојата процедурална забелешка е до вас. Оваа точка воопшто не се обратив, така што вие не можевте да дадете реплика на човек што не дискутирал по одредена точка.

Затоа, би апелирал до вас да продолжиме да работиме за темата. Кој што се договорил не ме интересира се додека тоа не се појави во јавноста и додека не дојде овде. Ако е цената на довербата тоа што господинот Матоши се договорил со господинот Груевски за Деловникот да има албански, тоа ќе го видиме кога ќе дојде предлогот, а во овој момент да отпочнеме да работиме за она што е наша задача, а не да се препукуваме тука за непотребни работи и да ги објавуваме во јавност тајните договори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодрам господине Макрадули.

На господинот Матоши му дадов реплика кон говорот на господинот Рафис Алити, кој избега од темата.

Сега господинот Рафис Алити има една минута контрареплика, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Ќе го потсетам господинот Матоши дека ние кога бевме во Собранието не најдовме ниту еден вработен Албанец кој знаеше да преведува на седниците на Комисиите на албански јазик. Сите кои беа, беа волонтери тука, меѓутоа, не беа со решение за работа.

Актуелниот Деловник го гласаше вашата парламентарна група и ПДП, а не ние господине Матоши и не случајно секогаш во моите изјави сум нагласувал и сум го поздравувал ставот на вашиот пратеник или претседател на Комисијата за труд и социјална политика господинот Илјаз Халими. Не случајно, затоа што имаше став. Додека овој парламентарен состав во кој што сте вие денес е  тој став, на вашиот пратеник или вашиот потпретседател сте го прекршиле ставот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

(Реакција на пратеникот Ружди Матоши).

Добро, господине Матоши, процедурално, повелете.

**Ружди Матоши:** Тоа што го бара господинот Макрадули, значи договорот меѓу ДПА и Груевски, пак ќе му кажам тоа нека го направи јавен договорот што го има со ДУИ за создавање хаос во Македонија и за спречување на политичките процеси. Додека тоа што го вели господинот Алити од првиот ден, после 2002 година, овој Парламент односно пратениците во комисиите говореа на албански јазик, сме имале преведувачи. Значи, како што говорел пратеникот, можел да говори и претседавачот или претседателот на Комисијата. Затоа е несватливо тоа што го вели за преведувачите.

А што се однесува на Деловникот, јас му гарантирам дека ќе ги направиме транспарентни прашањата, Деловникот што го изготвуваме ние и Деловникот што го имаше господинот Јордановски изготвено и

ќе видиме, во сите сегменти во кои треба да се избориме за албанскиот јазик каде се наоѓа албанскиот јазик. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Макрадули, повелете процедурално.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Уште еднаш во интерес на јавноста сакам да кажам дека пратеничката група на СДСМ не се повикува на никаков договор. Сакам овде да продолжиме да работиме. А господинот Матоши се повикува и вели ние се договоривме така да биде. Кога и како се договориле, тоа нас не не интересира, затао да продолжиме по Деловникот што е на сила и по темата која е на дневен ред. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Сега има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Јас ќе бидам многу краток во однос на мојата дискусија. Ќе поставам неколку прашања до заменикот министер и се надевам дека ќе добијам одговор на истите.

Прво, кога го усвојувавме дневниот ред за оваа седница, побаравме овој закон да оди во две фази, односно во редовна процедура, сега имаме Предлог за донесување на закон со Предлог на Закон. Ме интересира чисто што беше толку итно што мораше овој закон што е доста обемен и сложен, третира проблематика која има многу стручни изрази, многу е комплексен и тешко може за краток временски период да се проучи добро, ме интересира зошто толку се брзаше од Министерството за финансии, дали има некој рок во кој мора да го донесеме овој закон или едноставно некои работи мораше набрзина да се поминат, бидејќи се работи за еден пазар кој допрва се развива во Македонија, има доста иницијативи на тоа поле, а сега има и најави за доста осигурителни компании да почнат своја активност во Република Македонија.

Второто прашање ми е дали, бидејќи Владата најави дека својата работа ќе ја врши тренспарентно и отворено, дали за овој закон е, при донесувањето или постапката за изготвување на овој закон, е извршена консултација со компаниите кои вршат осигурување во Република Македонија и дали има некој нивен став, некое нивно мислење во однос на истиот, за да можеме да го слушнеме од заменикот министер, за да можеме полесно да донесеме одлука. Овде во изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија пишува дека се врши делумна усогласеност, дали тоа значи дека во скоро време ќе следи нов закон со кој ќе биде извршено целосно усогласување со директивите и со законодавството на Европската унија, бидејќи ќе повторам, навистина се работи за една сложена проблематика, за еден пазар кој што се развива сега во Република Македонија и уште повеќе ќе се развива, па мислам дека треба да ни даде Министерството некои одговори.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За збор се јави заменик министерот за финансии.

Барате реплика или збор? (Збор).

Повелете.

**Предраг Трпески:** Сосема накратко, во контекст на тоа што го кажа пратеникот Марјанчо Николов, јас можам да кажам дека овој закон во Министерството за финанасии се изработуваше уште претходната година. Овој закон го донесуваме сега затоа што се работи за еден сериозен пазар, а тоа е пазарот на осигурување во Република Македонија, каде што во овој момент егзистираат точно 12 осигурителни компании. Сметавме дека тој Пазар треба добро да се регулира и сметавме дека е неопходно добро да функционира и регулирање на тој пазар за воспоставување правила на игра, да се основа агнецијата за супер визија на осигурувањето како целосно независна агенција, одговорна пред Собранието на Република Македонија. До сега супервизијата и регулативата од оваа област се носеше од страна на Министерството за финансии, сега тоа ќе се префрли од Министерството за финансии во оваа осигурителна агенција.

Што се однесува на тоа дали имаше јавна расправа, измените и дополнувањата на овој закон беа јавно истакнати на веб-страницата на Министерството за финансии за рагледување, а министерот за финансии имаше средба со претставници на осигурителните компании, каде што тие

изразија некои нивни забелешки, но сепак сметам дека сепак на крај се усогласивме. Така јавна расправа имаше, барем со страните што се засегнати со измените и дополнувањата на овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Марјанчо Николов.

Пред да ви дадам реплика, само да ви кажам дека законот е стигнат на 25.04.2007 година, што значи не стои вашата изјава дека е доцна стигнат или нешто слично. Значи од 26 април актот бил во рацете на пратениците.

Повелете сега реплика од три минути.

**Марјанчо Николов:** Господине потпретседателе, седниците ги закажува, претседателот заедно со вас како потпретседатели, и кога е стигнат законот и каква е процедурата сепак ние пратениците кога ќе дојде на дневен ред имаме можност за истиот да дискутираме. Значи, тоа што во Собранието се случуваат вакви седници кога само закажуваме седници, не ги довршуваме, ставаме законски проекти по кои што, еве не можеме ни добро да расправаме, а се битни. Мислам дека одговорноста сепак ја носите претседателот и вие како членови кои што го водат овој Парламент и малку ќе треба сериозно да размислите околу динамиката и организацијата на Парламентот како би можеле и ние како пратеници поорганизирано да настапиме и поспремни да доаѓаме на седниците, вака не знаме кога ќе заврши некоја седница, која седница ќе дојде на ред и како се поставуваат законските проекти, а во Деловникот еве јасно е регулирано кога имате обврска да закажете седница доколку некој закон е доставен до вас. А јас не ја спорам потребата од регулирање на пазарот на осигурување. Ја поздравувам иницијативата на Министерството за финансии. Сметам дека треба да се изврши регулација со основање на агенција, но повторно ќе кажам дека ако веќе законот толку време се спрема имало можност да оди во редовна постапка, да се отвори поширока расправа бидејќи има многу заинтересирани за оваа работа и сепак заменикот министер на крајот не даде одговор дали забелешките на осигурутелните компании бидејќи има и други области кои што овде се третираат со овој закон, цензусот за осигурување итн, не даде одговор дали се прифатени или се носи со еден консензус и за оние кои што треба да се однесува и да го применуваат. Но, пак ќе кажам дека идеата е добра и се надевам дека во брзо време ќе дојде и друг закон со кој ќе извршиме целосна усогласеност со законодавството и директивите на Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Господине Серафимов, дали сте и вие за реплика.

Повелете реплика од три минути.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседател, почитуван господин заменик министер,

Добро е што имаме денес пред нас еден закон за супервизија на осигурувањето, меѓутоа, дали ќе се стави ред во Република Македонија со овој закон околу осигурителните компании е знак прашање.

Почитуван господине заменик министер, владее хаос во Република Македонија со осигурителните компании. Имаме две осигурителни компании “Кјуби” и “Вардар” кои се водечки во Република Македонија, а сателитите како што се новоформирани осигурутелни компании денес создаваат хаос во Република Македонија. Ниту со квалитетот што го нудат, ниту со исплатата на премии што можат да ги понудат во Република Македонија.

Оваа агенција, која условно кажано треба да биде независна, кај мене создава едно сомневање затоа што независноста ќе зависи од мнозинството на владеачката партија во Парламентот. Треба да се стави ред во осигурувањето, треба да се знае кој може да учествува на пазарот на осигурување и кој може да одговори на условите. Имаме компании кои што ги водат условно кажано политички осигурутелни компании кои го држат ЕСМ или ЕВН во Република Македонија. Замислете ако дојде до некоја хаварија какви се нивните реосигурувања и кој може сето тоа да го поднесе.

Затоа треба и да ги прифатите забелешките од осигурителните компании, затоа треба и да се сведе цензусот на средствата кои ќе бидат потребни за основање на една осигурителна компанија, да биде многу поголем отколку што е сега. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Сега има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, пред себе имаме еден многу значаен закон од сверата од финансиките услуги на дел од финансиските услуги. Оваа област во светот многу брзо се развива во сите домени, особено во развиените земји, во европските земји. Во тој поглед посебно може да послужи за пример една Шведска каде што во оваа област и во другите услужни дејности во Шведска се достигнаа многу високи дострели. Сакам да кажам дека ова не е прв пат да донесуваме ваков закон. Ние донесовме повеќе закони и имавме осигурителни компании кои многу успешно работеа во Македонија. Во оваа област до сега не сме имале некои позначајни проблеми и со досегашниот закон создадовме силна конкуренција на пазарот во Македонија. Можам да кажам дека единствена област во која се создадоа голем број на компании кои се занимаваат со оваа дејност, за сега не ми е познато дека некоја компанија од нив е отидена во стечај. Се повеќе се присутни и странски компании, најрано дојде така да кажам компанијата од Австралија "Кјуби", а еве сега доаѓа од Словенија "Триглав" во "Вардар осигурување", а има и други компании од надвор кои се заинтересирани директно или да развијат директно свои фирми и компании или пак да купат оделни осигурителни компании.

Според тоа, мое мислење е и тврдам дека на пазарот сепак имавме еден ред, сепак тие дејности успешно се развиваа и веројатно со овој закон ќе беше добро тој да ги разрешеше прашањата на супервизија, контроли итн. мисма дека законодавецот згреши кога побара со овој закон, кога предвиде да се зголеми капиталот 4 пати за формирање на една осигурителна компанија, а исто така и постојните осигурителни компании се обврзуваат за 4 пати го зголемат капиталот.

Од една страна тоа има добри решенија, затоа што има поголема сигурност во осигурувањето. Меѓутоа, од друга страна, видете што направивме со банкарскиот систем, кога ги зголемивме цензусите за добивање на мало и големо овластување на банките. Од тогаш немаме нова банка отворено во Македонија. Значи, престана тој филм да го гледаме.

Јас сега исто така се плашам дека одредени компании нема да бидат во состојба да го обезбедат овој цензус четири пати поголем, од што го имаа кога беа формирани, а исто така, купувајќи пак одредени компании тука во Македонија, ќе се стесни конкуренцијата во Република Македонија. Значи, кога ќе имаме помала конкуренција и помал број на компании, тие често пати знаат и да го поделат пазарот и да се договорат.

Прашањето е многу чувствително. Мислам дека премногу брзо одиме во процесите на глобализација. Во тој процес на глобализација се знае што значи во сите сфери. И во политиката и во финансиите и во економијата и во другите делови каде што практично, на националните компании, на националните економии им се оневозможува еден развој на краткорочен и долгорочен план.

Мислам дека и амбиентот во кој што го носиме овој закон, сигурно дека треба да се усогласи со законите на ЕУ. Меѓутоа, треба да сметаме дека таму е сосема друга состојба. Сосема други односи владеат. Решени се многу други прашања кои овозможуваат функционирање на ваквите закони. Ние треба да водиме сметка да ги усогласуваме законите, но истовремено и да овозможуваме развој на сопствената национална финансиска и економска сила во државата.

Ќе изнесам само еден случај. Еден пример. Тоа прашање е покренувано повеќе пати, од други минисерства надлежни за тоа. Но, и Министерството за финансии мораше да води сметка за прашањето на нерегистрираните возила во Македонија. Ова, од аспект, ќе го изнсам како пример каде практично се истоштуваат компаниите кои се занимаваат со осигурување, бидејќи податоците со кои што располагам од 2001 година, па до 2006 година, преку 120 илјади возила во Македонија не се регистрирани. Значи, не поминале технички преглед се неисправни. Тие прават најголем број штети што практично морат осигурителните компании да ги покриваат затоа што тие возила не се регистрирани. Тоа е некаде 40% од возниот парк што се наоѓа во Македонија.

Ако 2001 година имавме регистрирани околу 360 илјади возила во 2006 година таа бројка падна на 270 илјади. А, гледаме, непрестано се продаваат нови возила. Гледаме дека расте бројот на возилата, а практично, опаѓа бројот на регистрираните возила. Расте бројот на нерегистрирани возила а опаѓа

бројот на регистрирани возила. Таа појава е присутна и во светот, но се движи со 1-2%. А, гледате, тука е 40%. И, не само што се нанесуваат големи штети на осигурителните компании, туку се нанесуваат големи штети на здравственото осигурување, на инвалидското осигурување, во сферата на финансиите и пошироко.

Според тоа, кога носиме некои закони, мораме со ред други закони да ги отстраниме овие крупни недостатоци во општеството за да, кога ќе го донесеме законот, тој има успешна функционална вредност. Од една страна компаниите се истоштуваат финансиски, поради оваа недисциплина што владее во земјата, им се смалуваат профитите, а од друга страна сега се бара зголемување на капиталот и исцрпување на акционерите.

Еве, понеколку прашања јас имам спротивни мислења од Министерството за финансии, по неколку закони, а мислам дека треба Министерството да води сметка и за нашето размислување. Но, тоа не значи дека ако имаме различни идеи, различни размислувања и кога ќе даваме добри предлози и кога тие предлози ќе бидат разгледувани, тогаш не може да се зборува за некои конфликти помеѓу нас. Туку, само да се постигне нешто што е многу поквалитетно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Иванов.

Има збор господин Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, господине заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме еден законски проект што сигурно го заслучува нашето внимание и ја заслужува нашата поддршка. Овој законски проект е работен во континуитет. Во подолг рок е изготвуван. Ситуацијата е снимена дома, од разни аспекти. Добро е оценувана, правилно и прецизно е оценувана. Согледувани се ризичните точки како на нив да се реагира, но исто така е и еден сериозен обид да се усогласат нашите нормативни решенија овде со оние што доаѓаат од директивите од ЕУ. Затоа, јас мислам дека е добар законот, дека треба денеска да расправаме, дека можеше да биде во две фази, можеби тоа нешто повеќе ќе помогнеше да се расчистат работите и усоласат погледите таму каде што сеуште не се, но мислам дека доста долго е во јавноста, во стручните кругови. Горе-долу мислам дека веќе се отстранети главните недостатоци и недоразбирања што беа.

Мое мислење е дека со ова се прави еден добар зафат да се влее сигурно во стандардите и способностите на нашиот сектор на осигурување, овој дел од финансиите во државава, со што ќе порасне привлечноста на вкупното инвестирање во овој период после средување на овие прилики и кај сите други инвеститори, во сите други области.

Осигурувањето дава дополнителна сигурност на инвеститорите дека фактички постои еден ред, една сигурност, дополнителна на овој пазар и дека го намалува општиот ризик на оние кои инвестираат. Така што мислам дека е добро, добро е изготвуван законот, добрисе и решенијата во Законот, а исто така е и крајно време да имаме посебна институција, Агенција за супервизија во осигурувањето, бидејќи со тоа дополнително стануваме уверливи дека во овој сектор ги следиме чекорите што во светот ги има, каде што сакаме и ние да припаѓаме и дека нема, по мое мислење, не е основан стравот дека, ако сега се направи таа агенција, дека ќе има некое политичко владение или партиска инфилтрација итн.

Да настојуваме таа опасност да ја отстраниме со текстот на законот, ако такво нешто дозволува Законот. Но, не треба да шириме такво сомневање од напред. Мислам дека, општо земено, овој закон заслучува ние да го донесеме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Се согласувам со идејата дека измени на законот за осигурување треба да се донесат, од две причини.

Прво, за да се осовременува законот постојано со новите побарувања во светот, на пазарот на осигурувањето, меѓутоа и со европските директиви што исто така се менуваат постојано.

Меѓутоа, сум приврзаник да овој сложен и обемен закон оди во две фази. Но, Владата го конструирала законот дури и во преодните одредби, дека треба да стапи на сила од 1

септември, со што практично тоа е помалку од три месеци до тогаш и агенцијата, така што таа не остава простор, за жал, за дебата во општеството, ниту во Парламентот. Денешните дебати се илузорни, затоа што ова е исклучително сложена и сериозна материја. Поединечно, парламентарците тешко можат да влезат во материјата за да дадат насоки во вид на амандмани. А, напротив, и те како можат да придонесат со сугестии, доколку би се одело во две фази. За тоа и господинот Иванов зборуваше и јас го поддржувам тоа што тој го кажа. Тој има искуство во таа работа. Меѓутоа, кога двете фази се споени, имате само можност да поднесете амандман, што е тешко на оваа материја и практично Владата повторно го прескокнува Парламентот, затоа што сугестиите не може да ги материјализира. Законот ќе се донесе денеска.

Во оваа фаза јас би сакал неколку сугестии и по некое прашање да упатам до Владата.

Иако, најголемиот дел од одговорите се поднесени во вид на усогласување со директивите на ЕУ. На пример, членот 8 со што се менува членот 16 за квалификувано учество и учество, се менуваат процентите, би сакал да слушнам која е мотивацијата на Владата за таквото менување во сопственичките односи на друштвата.

Исто така, мислам дека еден од членовите што би требало најмногу да се дебатира во Парламентот е членот 34 со што се менуваат некои одредби што се однесуваат на гарантните фондови и средствата што друштвото треба да ги има.

Како што кажаа некои од претходниците, овие суми се зголемуваат во просек помеѓу 2,5, за три па дури и за 4 пати. Тоа значи дека друштвата ќе мора брзо да се прилагодат на овие одредби. Тука не мислам дека пратениците можат да дадат амандмани. Меѓутоа, мислам дека ако Парламентот има видување дека достигнувањето на овие стандарди од европските директиви во членот 34, што Владата ги предлага и за што господинот Љубисав Иванов со право зборуваше треба да ги прифатиме, ние сепак имаме два пристапи:

Едниот пристап е овие суми да ги прифатиме со донесувањето на законот, што е по мене лошата варијанта што Владата ја одбрана. Доколку имаше две фази, јас ќе барав од Владата во втората фаза да размисли овој член степенасто да го равие. Да даде временска дистанца во која што ќе се посгитнат сумите од 2-3-4, 5 милиони евра во еден постапен период. Друштвата за осигурување ќе можат да ги достигнат во првата година до 700 илјади, втората до 1,5 милион, третата до 2 милиони, четврттата до три милиони итн., за да прилагодувањето настане во некој поприроден процес. Може да има и други степенувања од овие, јас ги наведов само како пример ги наведов. Меѓутоа Владата тој принцип не го прифатила. И сега ние не можеме тука да интервенираме. Ниту Владата може да се корегира.

Јас мислам дека ова требаше да оди постепено. За што и со постепеното одење ние ќе ги допреме директивите, затоа што како што одат работите ЕУ, не ни чука на врата, туку имаме уште многу предвроја во кои ќе чукаме додека стигнеме до ЕУ. И Сметам дека овој бум со осигурителниот пазар во Македонија за кои во последните три години се издадоа шест новилиценци за основање на акционерски друштва за осигурување. Сега слушнав од заменикот, ако добро слушнав, 12 компании во моментов, што значи дека само во последнава година од август до сега има уште 2 нови лиценци издадено Министерството за финансии. Очигледно дека е растечки пазар.

Ваквото, сега, законско решение прво ќе ги натера на сериозни финансиски контракции, а второ, може некого од нив да загрози, па пазарот да се врати назад. Ако е интенцијата на Владата да ги стави некои од АД што се бават со осигурување вопозиција да не можат да го издржат законскиот лимит и да мора да се зајакнат, со цел да се постабилни, тоа треба Владата јавно да го соопшти. Па дури нислам дека не е лошо службите на Владата, односно на Министерството за финансии да соопштат, според нивно видување, дали сите 12 регистрирани компании во Република Македонија во овој момент можат да го издржат притисокот на јовите цензуси. Или, според нивно видување, а супервизијата во Финансии ги има тие видувања, можат да соопштат дека една -две или три компании, друштва за осигурување, АД за оигурување нема да го издржат овој цензус, за да знаеме, кога го носиме законов што всушност носиме. И да ни дадат алтернатива, сега претпоставувам веќе, влегувам во шпекулација, ако некој не може да го издржи,а му се даде период на прилагодување од 2-3 години, дали во тој

случај ќе го издржи тоа? И, ако е тоа така, јас би гласал за таков закон, а не за ваков закон, на постапно прилагодување.

Затоа, јас ќе гласам овој закон да се донесе во фазата на предлог за донесување, меѓутоа ќе гласам против тој да се донесе сега на оваа седница, Предлогот на закон и да стапи на сила. Мислам дека треба да има втора фаза.Тие дилеми кај мене постојат.

Второ, мислам дека државата должи одговор на некои од осигурителните компании, без разлика која власт, државата како институција. Ние сме ги навлекле компаниите напазарот со критериуми што сега драстично им ги менуваме без преоден период. Некој со право може да соопшти дека вие не создавате, тоа што Владата постојано се фали, добра бизнис клима.

Зашто на компанија влезена на пазарот во 2005 година или 2005 година, може некој со право да каже - извинете, јас туку што влегов на пазарот со законски услови што драстично ми се сменети и ова не е добра бизнис клима. Се разбира дека интенцијата на зголемувњето на ова значи заштита на осигурениците. Или, овие кои плаќаат осигурување. Меѓутоа, затоа е осигурителната супервизија.

Супервизијата треба да ги исклучи, додека не ги постигне критериумите што сега се бараат со новите европски директиви, односно со постојните европски директиви. Јас сум, да повторам или да виниширам во тој дел, за градуално поместување, а не за еднократно зголемување.

Се воведува категоријата застапник во осигурувањето. Претпоставувам дека тоа е пракса во европските држави и според европските директиви, како што е напишано во законот, меѓутоа, сепак мислам дека треба барем едно појаснување до нас пратениците.

На што се однесува одредбата кога вели дека застапник за осигурување е физичко лице кое е лиценцирано од Агенцијата за супервизија и врши работа на подготовки и склучување на договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување, основани согласно со овој зако, или лиценцирани од Агенцијата за производи на осигурување, кои меѓусебно не си конкурираат.

Претпоставувам дека има таква пракса, меѓутоа, мислам дека треба да добиеме образложение како може еден застапник во осигурувањето кое е физичко лице лиценцирано од Агенцијата, да може неконкурентни производи на повеќе акционерски друштва за осигурување да ги нуди на пазарот. Малку ми е нелогично, дури се плашам дека супервизијата нема да може да ги контролира тие работи на начин на кој законот, без разлика дали е супервизијата во Агенцијата или во Министерството, тоа за мене е помалиот проблем.

Мислам дека треба дополнителни образложенија, како тоа всушност, во праксата изгледа и што е тоа.

Исто така мислам дека одредбите на членот 134-з, кои се ставени во поглавјето за вршење на работи за застапување на осигурување во станици за технички преглед, треба да се поразговараат во Парламентот, меѓутоа, не знам дали има можност, затоа што ние туку што донесовме Закон за безбедност во сообраќајот, која што е една од пообемните расправи. Беше точно за условите кои со тој Закон се наметнуваат за вршење на технички преглед во станиците за технички преглед.

Сега ако забележувате во Законот има и други услови, кои се наметнуваат на дејност која не е осигурување. Дејноста се вика технички преглед на автомобили и на превозни средства. Тука имате десетина точки во кои се наметнуваат услови, кои согласно другиот закон кој би требало да го наречеме како матичен за нив се проширува и тоа според мене, на прилично тежок начин за друштвата за технички преглед.

Членот 134-з имено, во ставот 3, ќе го цитирам тоа што е тука напишано пишува: “Физичко или правно лице сопственик, или лице кое има други стварни права, според станицата за технички преглед”. Значи, сега влегуваме во сфера која е регулирана со друг закон. Е должно, подеднакви економски и други услови да овозможи на друштвата за застапување во осигурувањето, кои имаат дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на застапување во осигурувањето во станица за технички преглед, просторни и други услови за вршење на работа на застапување.

Прво, мислам дека реченицата е недоволно јасна, тоа е мал проблем, може да се лекторира.

Второ, мислам дека е претензициозно од наша страна како законодавци на станица за

технички преглед да и наметнеме одредба дека е должна на сите да им даде подеднакви услови, простор, економски и други услови во станицата за технички преглед. Ако има регистрирано 12, не знам колку се од нив за технички преглед, претпоставувам дека се минимум 10, бидејќи има едно за осигурување на лица на живот, која е посебна, еве, условно да земеме 10, ако сите 10 побараат од станиците за технички преглед да им овозможат согласно овој закон подеднакви просторни и други услови, мислам дека станиците за технички преглед попрво ќе затворат. Малку ми е нејасно што тоа значи. Особено што веќе во наредното пишува, доколку лицата од став 3, станицата за технички преглед, не им овозможи простор и други услови за вршење на работи за застапување во осигурување на друштва со застапување во осигурување, со став 3, тоа е претходниот што го прочитав, или применува различни економски и други услови. Различни на пример пола метар квадратен повеќе и тн. што значи различни економски и други просторни услови. Јас можам ако не ми оди работата да обвинам, половина метар. Сега тука треба сериозни објаснувања. Но тие објаснувања господин потпретседателе и господин заменик министер не можат да се прават во една фаза, без работни тела на Собранието. Јас не сакам да го дискутирам ова на Парламент, меѓутоа, нема други услови. Ќе изрече забрана за вршење на дејност во станицата за технички преглед. Ако во станица за технички преглед Агенцијата изрече забрана за вршење на застапување на осигурувањето, прометот на техничката станица ќе падне на 5% од постојниот, бидејќи никој нема да оди таму да прави технички преглед, а после со документите да трча 2 км. да најде осигурителна компанија. Тој мора да ја има на лице место, така што мислам дека тука заоструваме дополнителни услови кои мислам дека како законодавци треба малку да бегаме од претераната нормираност на Владата, па дури ако сакате со речникот на Владата овој закон да го оцениме. Секој ден во весници ни праќаат огласи за регулаторна гилотина, а ова овде е регулаторна јамка. Секоја одредба по 10 регулативи од страна на Агенцијата, на Владата и тн.

За формирањето на Агенцијата ќе кажам дали сега како преодно решение, или директно со Владата како се определила е сосема сеедно. Иако да се разбереме, тоа колегите што се занимаваат со осигурување и тие што се во службите на Владата задолжени за тоа знаат дека имаме различна пракса. Има супервизија во рамки на Министерството за финансии како таква и таа постои. Има супервизија која е владина агенција, а не е собраниска, државна агенција и таква такса постои. Дури јас во оваа фаза повеќе сум застапник, супервизијата да се извлече од Министерството и министерот за финансии, меѓутоа, да се смести во владина агенција, затоа што одговорноста на супервизијата е преголема, за да се измести од Владата, а Владата не може да се измести од одговорноста. Јас ви гарантирам. Ако се случи некакво пропаѓање на осигурителни полици и невозможности осигурителните компании да ги извршат своите работи, никој не може да каже дека Агенцијата за осигурување, која е формирана од Парламентот, се извинувам, Агенцијата за супервизија, зошто не сте ги следеле стандардите, зошто сте дозволиле ова да се случи, сте требале да преземете мерки согласно Законот кои сега постојат, туку ќе и кажат на Владата што направивме.

Затоа сметам, меѓутоа и ова не ми смета, не сметам дека е опортуно Агенцијата да биде формирана од Владата како орган во состав на Владата, а не во состав на Министерството за финансии. И Владата да си ја земе таа одговорност. Во светот и во соседството на Балканот и во Европа дури има случаи, тоа е познато дека супервизијата на осигурителните компании ја врши Народната банка, над Централната банка, затоа што работи за финансиски сектор, па таа што врши супервизија на банкарството, врши супервизија овде. Сега кај нас имаме, мора да признаеме, имаме една ситуација, која не е непозната во светот, меѓутоа, ајде да ја споредиме. Едната супервизија ја врши Народна банка, поважната за банкарскиот систем, а другата супервизија помалку важната, според капиталот и бројот на друштвата и бизнисот, капитализацијата на пазарот, државна агенција формирана од Собранието директно, значи имаме малку отстапување. Ние сега го донесовме Законот за банки, веројатно и за Народна банка, таму не видовме дека се извлекува од Народната банка. Зе зацврстува позицијата на гувернерот во супервизијата. Дури му дадовме овластување кое го спореа тука луѓе од правен аспект дали ќе издржат една

уставна проверка. Сега овие ги одземаме од извршната власт, од Владата и ги даваме на посебна агенција, мислам дека може да биде преурането и дека ќе биде преголем товарот соодветно на одговорноста на независната агенција.

Меѓутоа, тоа е предложено и тука има една реченица дека Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија и кога е веќе тој концепт прифатен, мислам дека после има една серија, барем за мене, на нелогичности, па дури ако сакате и етимолошки, Советот на експерти и директор на агенцијата, мислам дека ако ништо друго може Македонија да изнајде и Владата соодветни термини за ова поднебје, затоа што Совет на експерти не звучи како тело што донесува подзаконски акти. Сега подзаконските акти кои ги носи Министерството за финансии се извлекуваат со овој закон од Министерството за финансии се префлраат на Агенцијата и се дава право да носи подзаконски акти и замислете, актите ги носи Совет на експерти. Самиот збор експерт не упатува на институционална одговорност. Но треба да се најде нешто друго по мене, како збор, за да упатува на функцијата која што ќе ја вршат. Совет на експерти избира директор. Малку е нелогично. На директорот му требаат експерти за да го помагаат во работата, ама него да го избираат експерти, можеби е обратно. Директорот да избира експерти. Овде работите се поставени добро, но мислам дека терминологијата преземена сувопарно од европската терминологија преведена, не функционира. А за тоа никој нема да ми замери во Европа, ако си најдеме сопствени термини, кои се соодветни на нашите. Сега кога веќе Агенцијата се формира како државен орган именуван од Собранието на Република Македонија, се извлекува од Буџетот на Република Македонија и има самофинансирање и тука има уште една реченица која мислам дека е сега под целосен контраст со интенцијата на законот, а тоа е дека членовите на Советот на експерти, да потсетам само дека според законот го избира и директорот на конкурс. Значи, целата структура се заснова на изборот во Собранието, ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Ако е на предлог на Владата, мислам дека Владата веќе однапред има ставено капа и дека тоа не може да биде целосно независна на начин, кој Владата го предлага, зашто Собранието во оваа формулација не може да избере некој што Владата не го предлага. Владата може да ни достави само свои предлози. Затоа сум застапник, како и за другите регулаторни тела. Совет за радиодифузија и тн., кои се именувани од Собранието, Собранието само да ја спроведува постапката и на предлог на соодветното матично тело во Собранието да се избираат членовите на Советот, а не на предлог на Владата, зашто сега ова е по малку по мене половично решение.

Лично мислам дека Владата исто така, прави грешка со одредбата 158-ж, точка 4, каде што кажува дека претседателот и членовите на Советот на експерти, кои се професионални во Агенцијата, директно и вработените во Агенцијата, се мисли за супервизија, немаат статус на државни службеници. Мислам дека Владата полека ама сигурно го дерогира статусот на системот на државни службеници и мислам дека тоа е нешто што Владата треба да го разговара јавно, јас мислам дека тоа треба да се разговара и со Светската банка, дека Владата постапно, ама сигурно во секој нареден закон што ни го предлага вметнува одредби со кои тие службеници ги извлекува од државните службеници. И на крајот државните службеници ќе останат сирачиња, кои нема каде да одат и ќе ги укинеме. А системот на државни службеници функционира добро. Меѓутоа, со постојаното извлекување од системот на државни службеници на огромни категории во Управа за јавни приходи, ако може во Царина, па ако може во Агенцијата, па ако може на друго место, некои закони веќе ни поминуваат каде што има интенции. Неколку интервјуа слушнавме на телевизија на министри кои најавуваат изземање од тој систем. Мислам дека државата треба да донесе една посериозна одлука. Или ќе имаме систем на државни службеници, или ќе имаме костур од кој ќе гледаме сите коски да му ги одземеме и рбетот да виси во воздух. Мислам дека тоа не функционира.

Интенцијата, вработените да имаат плати во висина на платите во финансискиот сектор во Република Македонија, вклучувајќи ги платите во друштвата за осигурување, мислам дека е несоодветно, зашто тука е оставена една дупка во корист на овие. А да не заборавиме, за тоа ќе кажам некој збор подоцна, тие се финансираат од јавни давачки. Овде имаат ставено дека нивните

плати ќе бидат во висина на платите во финансискиот сектор. Ова не е закон за финансискиот сектор. Овој е Закон за осигурување. Ставено во финансискиот сектор, значи дека платите ќе се мерат и со осигурителниот, меѓутоа и со другите финансиски, во кои спаѓа банкарството по нивна желба. Ќе си прават цео време паралела во Агенцијата што им е посодветно во тој момент, иако однапред со оваа одредба ние како законодавци носиме решение нив да ги наградиме три-четирикратно повеќе отколку другите државни службеници или вработени во сегменти на државната управа, со ваква одредба во законот.

Сега сакам едно од посериозните прашања да покренам во расправата, а тоа се средствата за работа на Агенцијата во Главата ИИИ, за полесно следење ако треба, членовите 158-љ,м,н и тн. на страница 54. Тука има одредба која го пропишува надоместокот кој се воведува  и по тој повод јас сакам Владата јавно да ги декларира следниве работи: дали воведувањето на износот 0,8% од вкупната годишна бруто премија на друштвото за осигурување, односно вкупниот годишен приход од провизии на осигурителните брокерски друштва и на друштвата за застапување во осигурувањето, значи ново оданочување. Сега супервизорските функции ги врши Министерството за финансии, кое се финансира од даноците и од постојниот Буџет на Република Македонија, со ваквото извлекување на Агенцијата, тоа што неколку пати го нагласувам во Парламентот, Владата продолжува сегментарно да воведува нови оданочувања. Сега овие оданочувања не важат за другите, ама важат за цел осигурителен сектор. На осигурителниот сектор попусто вие му намалувате данок на добивка од 15 на 12%, ако му воведувате 0,8% на вкупниот приход, со кој треба да ја финансира Агенцијата за супервизија. Значи, ова се нови давачки, во вид на надоместоци.

И по мене, најспорната одредба, која мислам дека дури треба да издржи законодавно тестирање е одредбата дека Агенцијата донесува тарифник со кој се утврдува содржината и висината на надоместоците од 0,8% максимум. Тарифникот се ојавува во “Службен весник на Република Македонија”.

Почитуван заменик министре и колеги од Парламентот, сметам дека тука недостасува една сериозна реченица, а тоа е дека согласност на тарифникот дава Собранието на Република Македонија, па после следи реченицата тарифникот се објавува во “Службен весник на Република Македонија”. Ако таа рерченица ја немаме во Законот, мислам дека отстапуваме од уставното решение, дека само Собранието може да воведе давачки. Овде ја воведува давачката како максимирана од 0,8%, меѓутоа, овде вели содржина и висина на надоместоци и давачки, кои се наброени во членот 158-љ. Мислам дека треба да поминува на парламентарна согласност. Ако не се лажам, не се ни сеќавам во моментот, меѓутоа, тука има колеги кои се од тој сектор, може дури и Владата да помогне. На пример, независното регулаторно тело од кое можеме некоја паралела да извлечеме од сферата на енергетиката, подлежи на законодавна верификација на нивниот тарифник. Мислам дека Агенцијата тука треба да се стави во каналот на уставните решенија.

Владата го пресликала решението од Народната банка, дека решенијата се конечни во неколку става, сега не можам да ги барам во текстот на законот и ќе ми простите што не можам да го наведам членот, мислам дека веќе и го поминав, меѓутоа е сосема небитно. Проблемот е што исто како кај решенијата на гувернерот, воведуваме систем во кој второстепеноста на постапката се занемарува и решенијата се конечни, ако добро протолкував во ова кратко време. Мислам дека треба да добиеме информации дали се работи за тоа дека решенијата на Агенцијата се конечни, како новоформулирана одредба во законот. Дали е тоа паралелата со супервизијата во банкарството и што тоа значи од аспект на остварувањето на овој бизнис. И на крајот, дозволете дел од забелешките во членот 96 од Преодните одредби, мислам дека , тоа што го зборував на почетокот, друштвата за осигурување се должни за усогласување со овој закон, кои се однесуваат на статутот, органите на управување и другите одредби од законот во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон, а законот влегува во сила осмиот ден од објавувањето. Значи, веќе за недела две ќе влезе во сила, иако има уште една одредба што вели дека ќе биде делумно од 1 септември и тн.

Дали една година е вистинското, дали финансиските показатели на друштвата ќе овозможат во таа една година да се

прилагодат и  на тоа ниво, мислам дека треба да добиеме некакви образложенија.

И, конечно, во услогаслувњето на стандардите на станиците за технички преглед, мислам дека Владата е пререстриктивна за остварување на оние одредби, да не ги повторувам,  за кои што претходно зборував, ставена одредба дека станиците за технички преглед што до денот на влегување во сила на овој закон вршат продажба на полиси за осигурување во име и за сметка на друштвата за осигурување. Тоа, ако добро ги разбирам работите значи сите станици за технички преглед, можат да продлажат да вршат продажба во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, што значи дека после 6 месеци, ако добро ги врзувам работите, ќе стапат во сила одредбиве под еднакви услови и т.н. што мислам дека е пререстриктивно за станиците за технички преглед.

Владата мислам дека треба да има повисок степен на координација, тукушто помина Закон за безбедност во сообраќајот, во кој наметнавме некои други рокови од некои други технички аспекти. Едноставно мислам дека не е добра бизнис климата, на станиците за технички преглед на месец-два да им наметнуваменекои нови стандарди од некои нови агли.

Вторито став вели дека тие се должни во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила да го усогласат работењето со одредбите на овој закон, а понатаму има и одредби кои непопуларно е да се читаат-ако тоа не го направат, им се одзема и т.н.

Сметам дека на дел од овие одредби треба дополнително Владата или да даде објаснување или дополнително да работи во втората фаза на законот. Јас како таков ќе го подржам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господиное Поповски.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив за дискусија малку провоциран од податоците кои колегата пратеник Љубисав Иванов Ѕинго ги кажа во однос на негативниот тренд по осигурување на моторните возила, како то асе рефлектира врз работењето на осигурителните компании, што е директно поврзано со одредени одредби на овој закон.

(На местото на претседавач сега дојде потпретседателот Иван Анастасовски).

Точен е податокот дека многу возила од страна на граѓаните се поретко се регистрираат и револтот на граѓаните е очигледен, бидејки секојдневно ги изразуваат своите негативни реакции при регистрирањето, реагирајки на навистина многу високите вредности на осигурувањето, што е лавовски дел на цената за регистрција , на годишната цена на регистрација на моторно возило. Притоа нависитна треба да се покрене една анализа, можеби ќе биде покрената некоја анализа од идната агенција за супервизија на работењето на осигурителните компании, при што ќе се јави потреба од конмапрација на показателите во делот на староста на возниот парк кој што е присутен во Република Македонија, каква е инфраструктурата на патиштата, како тоа се рефлектира врз безбедноста на сообраќајот, како тоа влијае на несреќите, наплата од трети лица, што значително влијае врз позитивните и негативните резултати на работењето на една осигурителна компанија. Имено, тие често пати јавно кога се прозвани за висината на осигурувањето, се жалат во јавноста дека навистина драстично е зголемен бројот на сообраќајните незгоди во кој треба да се наплатува отштета од трето лице што дирекно оди на штета на компанијата и се намалув анејзиниот профит, со тоа се правдаат дека висината на осигурувањето не може да оди долу.  Иако последните години се јавија поголем број на компании, очекувањата на граѓаните дека таа конкуренција ќе доведе  до намалување на висината на осигурувањето не вроди со некој плод, често пати се прашуваат граѓаните на што се должи таа висина на осигурувањето, каде е компаративната анализа со балканскиот простор, значи со земјите од соседството или каква е анализата, искуствата во земјите во транзиција со слични економски показатели што владеат во Република Македонија, со стандардот на граѓаните во Република Македонија и како е во развиените европски земји.

На прв поглед ова што го кажувам можеби нема дирекна врска со самиот закон, но има, бидејки јас нависитна очекувам дека агенцијата треба во свои раце да ги земе овие надлежности, да спроведе вакви

иницијативи, вакви анализи, за да може да го анализира работењето на компаниите во целина.

Што покажале досегашните контроли на работењето на осигурителните компании, верувам дека Министерството има одредени показатели, но за нас не се достапни и јас се придружувам на колегата Поповски кој што кажа дека станува збор нависитна за комплексен закон во кој што треба навистина да сте исклучителен експерт за да одговорите на потребите и да се дрзнете воопшто да поднесете амандман кој што ќе биде издржан и ќе доведе до подобрување на самиот текст. Од тие причини, заради слабата компетентност на пратеничкиот состав, се приклучувам кон констатацијата дека е погрешен пристапот овој закон да оди во една фаза. Беше потребно и сеуште е потребно да се вклучи јавноста, да се продебатира со сите овие показатели за кои што до сега кажав одредени сомневања дека постојат. Значи колкава е транспарентноста пред јавноста за досегашното работење на осигурителните компании. До сега не сме виделе некоја официјална анализа подготвена од страна на Министерството за да се добие една слика колкав е профитот на тие компании во Република Македонија, каков е во споредба со оние осигурителни компании кои работат во европскиот простор, бидјеки всушност законот е и усогласување со европските директиви. Не можеме сега да преземаме од европските стандарди и нормативи, индикатори и стандарди при економски стандард на населението кој што постои во овој реален амбиент.

Понатаму, за мене е дискутабилна масовната појава на фаворизирање на одредени осигурителни компании без почитување на пазарните принципи, појава која што многу често можете да ја видите во реалниот амбиент и то ане е поврзано со пазарнит епринципи, колку повеќе ќе понуди некој, колку поповолно ќе понуди. Затоа, оваа агенција која што треба да се формира треба еден голем дел на својата енергија да ја потроши во тој домен, да ги намали политичките влијанија или одредени коруптивни однесувања на одредени елементи во станците за технички преглед кои на граѓаните често пати им  нудат еден вид на услуги без почитување на пазарните принципи. Мислам дека и до вас допреле таквите жалби, не знам на каков начин се соочувате со тој проблем или реагирате на тој проблем и колку законската регулатива впрочем ви дозволува да реагирате на тој начин, но во секој случај се придружувам на оценката на колегата Поповски дека допуштаме една ретка прилика за да се отстранат овие дилеми, да се направи поквалитетна верзија на законот требаше и сеуште треба, до колку постои простор се разбира, да се оди во две фази и да се дозволи пратениците да добијат можност со консултирање на експертски институции, поединци и лица да дадат поголем придонес во комплетирање на оваа верзија на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Соња Ѓелова Стојанова, повелете.

**Соња Ѓелова Стојанова:** Благодарам потпретседателе.

Мојата дискусија ќе биде кратка и конкретна. Треба да знаеме дека овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

Главните причини за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија и осигурување лежат во потребата од натамошно усогласување на законската регулатива од областа на осигурувањето со директивите на Европската унија, како и принципит еи стандардите на Меѓународната асоцијација на осигурителните супервизии, согласно препораките содржани во Евроспкото партнерство во делот на економските критериуми и Извештајот за напредлокот на Република Македонија 2006 година во делот на финансиските услуги. Ова особено се однесува на имплементирање на препораките на Европската комисија во делот на јакнење на административниот капацитет за спроведување супервизија врз учесниците на осигурителниот пазар преку воспоставување на соодветно поставен независен и стручен супервизиски орган со капацитет за спроведување ефикасна и навремена супервизија.

Идната агенција за супервизија на осигурување ќе биде носечки столб на финансиската стабилност и долгорочна економска одржливост на друштвата за осигурување и заштитиник на правата на осигурениците и другите корисници на осигурување. Со воспоставување на агенцијата за супервизија за осигурување на

Република Македонија ќе се направи чекор напред во имплементирање на меѓународно прифатените принципи за ефикасна супервизија, што ќе придонесе за изградба на ефикасен и стабилен осигурителен пазар кој полесно и поефикасно ќе се интегрира во глобалниот европски пазар.

Во насока на јакнење на пруденттните стандарди за работа на друштвата за осигурување и подобрување на нивната солвентност во согласност со Директивата на Европската унија од 2002 година, со Предлог законот се зголемува минималниот износ на гарантен фонд на друштвата за осигурување и истиот во зависност од класите на осигурување, од кој е добиено дозвола од надлежен супервизиски орган, не може да биде понизок од 2 милиони евра за вршење на работи на неживотно осигурување, односно 3 милиони евра до колку друштвото има намера да врши работи на неживото осигурување во класите на осигурување од одговорност и кредити и, или гаранции и 3 милиони евра за работи на осигурување на живот.

Имајки ги предвид потенцијалите за развој на осигурителниот сектор и неговата значајна улога во вкупните финансиски текови во земјата, сметаме дека треба да се подржат напорите за обезбедување на долгорочна финансиска одржливост на секторот и овозможување истиот да ја исполни својата улога во поттикнување на целокупниот економски раст и развој на земјата.

Од овие причини, го подржувам донесувањето на Предлогот на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во слата, бидејќи Ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници што се присутни во салата.

(Во салата нема кворум за гласање).

Ги молам пратениците да влезат вослата, бидејќи ќре пристапиме кон гласање.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на пристуни пратеници во салата).

Во салата се присутни 67 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 66 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници од кои 52 гласале за, 4 се воздржале од гласале, а 10 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правнта комисија поднесе амандмани на член 7 став 3 и за заменување на ставот 4 со два нови ставови 4 и 5, член 24 за заменување на воведната реченица со два нови ставови, член 46 став 5, член 53 во новите членови 134-в став 1 и 134-д став 1, член 71 во новиот член 158-ѓ ставови 1, 2 и 7 и за менување на ставот 4 и на член 102, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстото наПредлогот на законот.

Претеникот Ратко Димитровски поднесе амандман на член 54 за внесување нов став 1 и на ставот 1 во воведната реченица, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 54 за внесување нов став 1 и на ставот 1 во воведната реченица, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Се работи за еден амандман во кој што се дополнува улогата на брокерската организација, односно посредничката организација помеѓу осигурителната компанија и клиентот. Амандманот произлегува од неколку годишната соработка со брокерските организации и моето мислење беше дека со додавањето на зборовите “да се ангажира брокерска организација во решавањето на спорови во вон судска спогодба” ќе се придонесе за побрзо решавање на споровите што се вечни помеѓу осигурителната компанија и клиентите.

Меѓутоа, бидејќи амандманот не е прифатен од страна на Владата, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидеќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 50 гласале за, 10 воздржано, 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување.

Овде ја прекинувам денешната работа колеги пратеници.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина во 17,12 часот).